Уп. бр. 08-82

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од А1 ТЕЛЕКОМ АВСТРИЈА АГ, со седиште на Ласалештрасе 9, 1020, Виена, Австрија, преку Мартин Иванов, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 22.05.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која А1 ТЕЛЕКОМ АВСТРИЈА АГ, со седиште на Ласалештрасе 9, 1020, Виена, Австрија ќе стекне контрола над НТТ Австрија ГмбХ со регистрирано седиште на Австрија Кампус 3, Јаков-Линд-Штрасе 5/4.ОГ, 1020 Виена, Австрија, прку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 30.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од А1 ТЕЛЕКОМ АВСТРИЈА АГ, со седиште на Ласалештрасе 9, 1020, Виена, Австрија со која А1 ТЕЛЕКОМ АВСТРИЈА АГ ќе стекне контрола над НТТ Австрија ГмбХ со регистрирано седиште на Австрија Кампус 3, Јаков-Линд-Штрасе 5/4.ОГ, 1020 Виена, Австрија„ по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и

прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Деловните активности на **А1 ТЕЛЕКОМ АВСТРИЈА АГ** се состојат од основни телекомуникациски услуги, пристап до интернет, дигитална кабловска телевизија, информатичка и комуникациска технологија (ИКТ), услуги на големо, како и решенија за деловни актвности во движење и платежни решенија.

А1 ТЕЛЕКОМ АВСТРИЈА АГ е дел од Групацијата А1 Телеком Австрија, и е во директна сопственост на Телеком Австрија АГ, , Австрија, ("Телеком Австрија)[1]. Телеком Австрија АГ е холдинг компанија која што не обезбедува никакви услуги. Деловното портфолио на Групацијата А1 Телеком Австрија се состои од активности во областа на говорна телефонија, широкопојасен интернет пристап, мултимедијални услуги, податочни и ИТ ешенија.

Групацијата А1 Телеком Австрија е присутна во Северна Македонија преку

- А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, која е активна во безжични телекомуникации;

- ТЕЛЕМЕДИА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, која е активна во дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма;

- Линворкс ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7556381, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, која е активна во компјутерско програмирање.

**НТТ Австрија ГмбХ** е провајдер на хардвер и софтвер за ИТ и се фокусира на системска интеграција и управувани услуги. НТТ Австрија ГмбХ нуди приспособени услуги и обезбедува конзистентни најдобри практики во дизајнот и операциите низ неговите безбедни, скалабилни и приспособливи центри за податоци. Меѓутоа, овие активности се ограничени на територијата на Австрија и НТТ Австрија ГмбХ нема никакви активности, на територијата на Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на

[1] Единствената контрола над Телеком Австрија АГ ја врши друштвото Америка Мовил С.А.Б. де Ц.В.. Америка Мовил е активно во Северна, Централна и Јужна Америка,. Понудата на производи на Групацијата Америка Мовил вклучува услуги за мобилна и фиксна телефонија, широкопојасен пристап, како и телевизија.

ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**